ТЕРОР ВО МАНЧЕСТЕР

Како самоубиствениот бомбаш Салман Абеди ја користел глобалната терористичка мрежа за подготовка на терористичкиот масакр извршен во Манчестер на 22 мај 2017 година?

На 22 мај 2017 година во 22:31 часот, бомбаш-самоубиец ја активирал импровизирана експлозивна направа, во фоајето на Манчестер Арената. Нападот се случил по завршување на концертот на Ариана Гранде, на кој присуствувале 14,200 луѓе, а експлозијата била смртоносна и до 20 метри. Ова е најсмртоносниот напад во Велика Британија по Лондонските бомбашки напади од 7 јули 2005 година. Во истрагата за студиозниот ученик од Манчестер кој се претвори во самоубиствена бомба беа вклучени најголемите полициски и разузнавачки служби во светот.



Салман Рамадан Абеди, бомбаш-самоубиец, кој во Манчестер – Велика Британија уби 22 невини лица и повреди уште 250, според разузнавачките анализи, имал врски со глобална терористичка мрежа која се протега на три континенти. Тој бил 22-годишен британски сунитски муслиман со либиско потекло. Роден е во Манчестер на 31 декември 1994 година во семејство на либиски бегалци кои се населиле во Манчестер по бегството од владата на Моамер Гадафи. Абеди бил меѓу група на ученици кои го обвиниле својот учител за исламофобијата поради критикување на извршените терористички самоубиствени бомбашки напади низ светот. Неговото семејството било многу традиционално и религиозно. До 2012 година бил социјален тип кој се дружел со своите пријатели. Неговото семејство ја посетувало Дидсбури џамијата во Манчестер, а Абеди манифестирал омраза кон имамот кој проповедал против терористичките организации Исламската Држава и Ансар ал Шеријат. Неговите родители се родени во Триполи, а во 2011 година по соборувањето на режимот на Гадафи се вратиле во Либија, додека Абеди останал во Велика Британија. Во периодот од 2009 година до 2014 година завршил средно училиште, студирал на колеџот во Манчестер за потоа да се запише на Универзитетот во Салфорд, каде што студирал бизнис менаџмент. Подоцна го напуштил универзитетот и се вработил во пекара.

Тој им бил познат на британските безбедносни служби и полицијата, но според нивните проценки не представувал голем безбедносен ризик, бидејќи бил поврзан со ситен криминал, но никогаш не бил регистриран дека манифестира милитантни ставови.

Во годината пред нападот, познато е дека Салман Абеди патувал од Велика Британија во Либија и Германија и ги посетил ќелиите на ИД во Сирија, но неговите контакти со ИД биле и многу поблиску до дома. Само четири дена пред нападот тој бил забележан во Германија. Абеди допатувал во Манчестер од Дизелдорф непосредно пред да го изврши самоубиствениот напад, а според Скотланд Јард тој во Германија остварил контакт со милитантни исламисти. Иако тој најверојатно бил поврзан со софистицирана ќелија на ИД во Европа, се претпоставуваа дека првично бил радикализиран на претходно патување пред околу шест години кога го посетил своето семејство во Либија. Првата посета на Абеди во Либија била во 2011 година, период кога тој бил опишуван од неговите соседи како „нормално пријателско момче“, фудбалски фан. Меѓутоа за една година работите драстично се промениле. Според изјави на неговите соседи тој се повлекол во себе, а често на улица гласно ја пеел исламската молитва. Во периодот кога го напуштил Универзитетот во Салфорд, станал близок со двајца добро познати регрутери на ИД кои работеле во близина на Манчестер. Исто така имамот од џамијата Дидсбури, изјавил дека Абеди е трансформиран во опасен екстремист.

Познато е дека десетина дена пред нападот се вратил од Либија, каде што остварил врски со џихадистите на ИД. Неговата сестра Јомана, по нападот, на нејзиниот профил на Фејсбук го оправдува нејзиниот брат, објаснувајќи дека тој бил лут поради теророт кој се врши со бомбардирањето на Сирија од страна на Западните сојузници.

Нападот бил пософистициран од некои претходни напади во Велика Британија или во други делови на Европа, па разумно е да се запрашаме дали го направил тоа самостојно. Во часовите пред нападот Абеди, е виден како се качил на воз во Лондон – најверојатно ги добивал последните насоки пред да го изврши самоубиствениот бомбашки напад.




По нападот, таткото и братот на Абеди кој се наоѓаат во Либија се притворени, додека другиот брат бил уапсен во Манчестер. Пред неговото апсење во Манчестер, братот на Абеди ги отфрлил обвинувањата дека е член на Либиската исламска борбена група, но изјавил дека ја поддржува организација која е филијала на Ал Каеда.

Неколку часа по смртоносниот напад, терористичката група Исламска држава ја презеде одговорноста за бомбашкиот напад во Манчестер. Џихадистите на ИД го славеја „успешниот и изненадувачки“ напад и тврдеа дека тоа е „одмазда за воздушните напади на Мосул“.

Ден потоа, нивото на заканата од тероризам во Велика Британија беше подигната од „многу висока“ до „критична“ поради стравувањата дека уште еден напад е неизбежен. Полицијата побара помош од армијата за поставување на вооружени воени лица на клучните локации низ целата земја, што беше одобрено од премиерот на Велика Британија.




Според анализите на британските безбедносни служби изолираните заедници, сегрегацијата и нерегулираното образование во Велика Британија придонесуваат за „размножување“ на екстремизмот и идните џихадисти. Британците од втората генерација на емигранти - доселеници се радикализираат преку многу опасна комбинација на изолацијата и екстремистичката онлајн содржина. Како резултат на горе наведеното многу е тешко да се профилираат и да се идентификуваат потенцијалните напаѓачи, бидејќи меѓу нив има неписмени, образовани, со различна возраст и пол, и конечно има лица кои се непознати за безбедносните служби.

Последните нападите предизвикале масовно зголемување во бројот на повици кон националната телефонска линија за тероризам. Британските безбедносните служби по нападите имаат отворено 3.000 нови истраги за лица од интерес, додека постојат 20.000 претходни субјекти од интерес за службите. Оваа бројка секојдневно расте.

Стравувањата дека поразот на терористичката организација Исламска држава на Блискиот Исток ќе предизвика зголемување на нападите ширум светот денес се реалност. Мерките кои беа преземени за спречување на потенцијалните Европски џихадисти да се приклучат кон ИД денес представуваат закана по националната безбедност на Европските демократии - ако не можат да патуваат, зошто да не напаѓаат дома.

Зошто е толку тешко да се превенира терористички напад како Манчестерскиот?

Самоубиствениот напад во Манчестер ги потврди стравувањата на академската и експертска заедница дека меките цели како што се стадионите и аеродромите, се изложени на заканата и тешко е да се заштитат од тероризмот.

Безбедносните експерти постојано преземаат нови мерки за заштита како резултат на извршените терористички напади низ целиот свет, но заштитата на надворешниот периметар околу концертните или спортските објекти како Манчестер арената представува голем предизвик. Со поставување на неколку контролни точки пред влезовите во објектите се создаваат долги колони кои се лесна цел. И додека многу објекти веќе имаат широк безбедносен периметар надвор од

влезот, многу е тешко да се одреди каде да започне и каде да заврши таа граница. Представува предизвик да се интегрираат сите нивоа на безбедност во една ефективна заштита од оваа закана. Меѓутоа невозможно е да се одржи постојано највисоко ниво на безбедност на сите нивоа.

Терористичкиот напад во Манчестер, беше изведен кога гостите ја напуштаа арената, претставувајќи лесна цел. Во нападите во 2015 година во Приз, каде што 130 луѓе беа убиени во серија координирани напади, безбедносниот персонал го запрел самоубиецот бомбаш да влезе во фудбалскиот стадионот, за потоа да го активирал експлозивот надвор од објектот. Проблемот со превенција на ваков вид напади на меки цели, е отсуството на стандарден протокол за формирање на безбедносен периметар надвор од објектите, што претставува дополнителен проблем за обезбедување на вакви настани. Затоа потребно е да се прецизираат конкретни начини за спречување на терористички напади од типот на неконтролираното движење на камионот во Ница минатата година, а кој ќе бидат различни од мерките преземени за спречување на напади со подметнат пластичен експлозив во чевлите – пример, обидот за детонирање на експлозивна направа во чевлите на патник во авион на линија Париз - Мајами во 2001 година, предизвика патниците да ги соблекуваат чевлите кога поминуваат низ аеродромското обезбедување.

Одредувањето на одреден безбедносен периметар на спортски стадиони и локации за концерти е голем проблем, а ќе поттикне и други безбедносни прашања предизвикани од долгите колони на луѓе кои претставуваат лесна цел која што ја посакуваат милитантните екстремисти. Поголемите градови во Европа и САД, веќе објавија зголемени безбедносни мерки како одговор на нападот во Манчестер. Безбедносните експерти работат на зголемување на заштитата на посетителите, во и надвор од објектите.

Дефинитивно крвавите настаните кои се случија во Манчестер на 22 мај 2017 година, ќе имаат големо влијание врз усовршувањето на безбедносните протоколи и тактики. Уште посигурно е дека по овој немил настан, свесноста кај луѓето за нивната лична безбедност ќе биде на многу повисоко ниво и „доколку се забележи нешто сомнително веднаш да се известат безбедносните служби“ нема да биде само излитена фраза.